# Известувања за собирањето на лични податоци

Лични податоци вклучуваат работи како што се вашето име, контакт податоци, здравствени потреби и кој ве поддржува. Министерството ги собира овие податоци преку телефон, интернет, електронска пошта и лично. Тие се употребуваат за да се одговори на прашања, за да ве регистрираме, за да провериме дали ги исполнувате условите за примање услуги и за да ви помогнеме да ја добиете негата која вие е потребна.

Вашите податоци може да ги споделиме со други владини органи и установи за давање нега. Вие може да побарате да ги видите или да ги искорегирате вашите податоци, а може и да поднесете жалба ако е потребно. Собирањето на податоци е овластено според *Aged Care Act 2024 [Законот за старосна нега од 2024 година]*.

## Прашања во врска со услугите за старосна нега

Ова известување за приватноста опишува како Department of Health, Disability and Ageing [Министерството за здравство, попреченост и стареење] (министерството) ги собира личните податоци и ракува со нив кога ќе имате прашања или кога ќе барате информации за системот на старосна нега преку My Aged Care.

### *Зошто ги собираме вашите лични податоци*

Ние ги собираме вашите лични податоци за да одговориме на вашите прашања кога барате информации за системот на старосна нега кога:

- ќе нè контактирате преку контакт центарот на My Aged Care по телефон или преку електронска пошта, или
- ќе дојдете во центарот за услуги на Services Australia.

Ако нè контактирате преку телефон, ние го снимаме разговорот заради обука и проверка на квалитет, освен ако не се согласите. Преку снимката, ако ја извршиме, ние ќе ги собереме оние лични податоци кои ќе нѝ ги кажете за време на повикот.

Без вашите лични податоци ние може да ви дадеме општи информации, но нема да можеме да ја разгледаме вашата ситуација или да ви одговориме во подоцнежна фаза.

### *Податоците кои ги собираме*

Податоците кои ги собираме зависат од вашите прашања и од тоа дали сте регистрирани во My Aged Care. На пример:

- Ако сте регистрирани, ние може да ги собереме податоците за вашето име, датум на раѓање, електронска пошта, матичен број од Aged Care или број од Medicare, за да го најдеме вашето досие и да ви помогнеме.
- Ако треба повторно да ве контактираме, ние ќе ги собереме податоците за вашето име, податоците за контакт и информациите кои ќе нѝ ги дадете во врска со вашето прашање, за да може да ви одговориме.
- Ние може исто така да собереме и други лични податоци, вклучувајќи и чувствителни информации за вашето здравје и ситуација, за да може да утврдиме како најдобро да ви помогнеме.

Вие не мора да се идентификувате кога ќе контактирате со My Aged Care. Меѓутоа, ако не се идентификувате, ние можеме да ви дадеме само општи информации. Не можете да поднесете барање за добивање услуги за старосна нега без да се идентификувате.

Министерството е овластено да ги собира вашите податоци според *Aged Care Act 2024*.

### *Како ги собираме овие лични податоци*

Ние може да ги собереме овие лични податоци од друго лице, со ваша согласност. На пример, ова може да се случи ако член од вашето семејство или пријател се јави да праша за вашата подобност за старосна нега.

### *Како ги споделуваме вашите лични податоци*

Ние може да ги споделиме вашите лични податоци на надворешен вршител на анкета, кој бара ваш коментар за нашите услуги. Ние ќе го сториме ова само со ваша согласност.

Личните податоци кои ги собираме не ги споделуваме автоматски со други лица, но може да го сториме тоа со ваша согласност или каде што е дозволено според *Aged Care Act 2024*.

### *Споделување податоци во странство*

Општо земено, ние нема да ги споделиме вашите податоци со лица во странство.

### *Како можете да имате пристап до вашите податоци или да ги корегирате*

Ако ви треба пристап до вашите податоци или ако сакате да ги корегирате, тоа може да го сторите на следниов начин:

- ако се најавите на вашиот интернет профил во My Aged Care
- ако се јавите на My Aged Care на телефон 1800 200 422
- ако дојдете во филијала на Services Australia и разговарате со Aged Care Specialist Officer [Специјализиран службеник за старосна нега].

За повеќе информации за пристап до личните податоци и како може да поднесете жалба за приватност, погледнете во политиката за приватност на My Aged Care.

## Регистрирање на My Aged Care досие на клиент: клиент

Ова известување за приватност опишува како Department of Health, Disability and Ageing (министерството) ги собира и ракува со вашите лични податоци кога сте регистрирани со My Aged Care, за да добите услуги за старосна нега.

### *Зошто ги собираме вашите лични податоци*

Регистрирањето на лично досие во My Aged Care ви овозможува да поднесете молба за услуги за старосна нега како и да добиете информации за истите.

Ние треба да ги собереме вашите лични податоци за да го направиме вашето лично досие и за да ви доделиме единствен Aged Care матичен број.

Штом ќе бидете регистрирани, ние може да ги користиме податоците во вашето досие за да разгледаме која било молба што ќе ја поднесете за услуги за старосна нега и, ако се квалификувате, да го поддржиме добивањето на услуги за старосна нега.

Можете да се пријавите во My Aged Care на следниве начини:

- со јавување во контакт центарот на My Aged Care
- ако разговарате со Aged Care Specialist Officer во филијала на Services Australia
- со поднесување молба преку интернет за процена за старосна нега.

Без вашите лични податоци не може да ве регистрираме во My Aged Care и можеме да ви дадеме само општи информации за старосна нега. Ние нема да можеме да извршиме процена или да ви одобриме да добивате финансирани услуги за старосна нега.

### *Податоците кои ги собираме*

Ние ги собираме следниве податоци:

- Вашето име, датум на раѓање, контакт податоци, демографски податоци и релевантна идентификација (на пр. број на Medicare)
- Што претпочитате (на пр. претпочитан јазик)
- Други важни информации за вашата ситуација и потреби од нега
- Ако имате поддржувач - податоци за вашиот поддржувач.

Министерството е овластено да ги собира вашите податоци според *Aged Care Act 2024*.

### *Како ги собираме овие лични податоци*

Ние може да ги собираме вашите лични податоци директно од вас кога ќе се регистрирате во My Aged Care. Друго лице може да ве регистрира во My Aged Care, со ваша согласност. Кога тоа ќе се случи, ние ќе ги собереме вашите лични податоци од тоа лице.

Кога ќе се промени нешто во врска со вас или со услугите за старосна нега кои ги добивате, ние може да ги собереме вашите лични податоци и да ги ставиме во вашето лично досие. На пример ние ќе го направиме ова кога ќе собереме податоци за процената на вашата старосна нега, ако ја добивате, или ако почнете да добивате услуги на старосна нега.

### *Како ги споделуваме вашите лични податоци*

Податоците во вашето лично досие се заштитени според *Aged Care Act 2024*. Кога Aged Care Act дозволува, ние може да ги споделиме податоците од вашето досие со странки поврзани со давањето на услуги за старосна нега. Во овие странки се вбројуваат:

- Services Australia
- Department of Veterans' Affairs [Министерството за ветерани]
- National Disability Insurance Agency [Државната агенција за осигурување на попреченост]
- проценители на старосна нега
- даватели на услуги на старосна нега
- здравствените работноци за нега
- поддржувач или законски претставник, доколку имате.

Ние исто така може да ги споделиме вашите лични податоци во согласност со *Aged Care Act 2024*. кога:

- ние доставуваме податоци до Aged Care Quality and Safety Commission [Комисијата за квалитет и безбедност на старосната нега], кога е потребно за тие да си ја извршат својата работа (на пр. кога се работи за жалба)
- ќе се согласите (на пр. кога ќе се согласите да ставите план за процена во вашиот My Health Record).

### *Споделување податоци во странство*

Општо земено, ние ќе ги споделуваме вашите лични податоци надвор од Австралија ако вие или вашиот поддржувач се јавите на My Aged Care, ако влезете во вашите податоци преку интернет профилот My Aged Care, или ако добиете информации од нас на друг начин преку електронска пошта или текст порака додека вие или подржувачот сте во странство.

Општо земено, ние нема да ги споделиме вашите податоци со лица во странство.

### *Како можете да имате пристап до вашите податоци или да ги корегирате*

Ако ви треба пристап до вашите податоци или ако сакате да ги корегирате, тоа може да го сторите на следниов начин:

- со ажурирање на вашиот интернет профил во My Aged Care
- ако се јавите на My Aged Care на телефон 1800 200 422
- ако посетите филијала на Services Australia и ако разговарате со Aged Care Specialist Officer.

За повеќе информации за пристап до личните податоци и како може да поднесете жалба за приватност, погледнете во политиката за приватност на My Aged Care.

## Регистрација за My Aged Care: поддржувач

Ова известување за приватност опишува како Department of Health, Disability and Ageing (министерство) ги собира и управува со вашите лични податоци кога ќе се регистрирате во My Aged Care за досие како поддржувач на постар австралиец (клиент).

### *Зошто ги собираме вашите лични податоци*

Регистрирањето на досие во My Aged Care е еден потребен чекор за да се комплетира вашата регистрација како поддржувач на клиент. Поддржувач може да поддржи клиент да бара или да има пристап до услуги за старосна нега или на друг начин да го поддржуваат клиентот да направи нешто според или за цел на *Aged Care Act 2024* (Законот), освен за тестирање на средства. Поддржувачот исто така може да добие информации или документи кои може или мора да му бидат дадени на клиентот според Законот, со согласност од клиентот или ако е тоа поинаку определено со Законот.

Ние треба да ги собереме вашите лични податоци за да отвориме досие за вас лично и да ви дадеме единствен Aged Care матичен број.

Штом ќе се регистрирате во My Aged Care, вие може да станете регистриран поддржувач на клиент со негова/нејзина согласност. Тогаш вие може да давате и добивате информации во согласност со нивните желби.

Ние може да ги искористиме податоците во вашето досие за да решиме било која молба за вие да бидете регистрирани како поддржувач. Доколку се регистрирате, ние исто така ќе ги искористиме податоците во вашето досие за да ви овозможиме да ја вршите својата улога во поддршката на некое лице да има пристап до услугите на старосна нега како и да бидеме сигурни дека вие и понатаму останувате подобен да бидете поддржувач.

Може да се регистрирате во My Aged Care на следниве начини:

- со јавување во контакт центарот на My Aged Care
- ако разговарате со Aged Care Specialist Officer нега во [центар за услуги на Services Australia]
- како дел од процедурата за помош на клиент да поднесе молба преку интернет за процена за старосна нега
- ако разговарате со проценувач за старосна нега
- ако поднесувате Registration of a Supporter form [Образец за регистрација на поддржувач].

Без вашите лични податоци ние не можеме да ви регистрираме досие во My Aged Care или да ве регистрираме како поддржувач. Во овој случај ние ќе можеме да ви дадеме само општи информации во врска со старосната нега. Вие, како поддржувач, нема да можете да добивате информации или да ги споделувате истите наместо клиентот.

### *Податоците кои ги собираме*

Ние ги собираме следниве податоци:

- вашето име, датум на раѓање, контакт податоци и важна идентификација (на пр. број на Medicare)
- податоци за клиентот
- податоци за вашето сродство со клиентот
- податоци за вашата подобност или законска способност да бидете поддржувач на клиентот.

Министерството е овластено да ги собира вашите податоци според *Aged Care Act 2024*.

### *Како ги собираме овие лични податоци*

Ние обично ги собираме вашите лични податоци од вас кога ќе се регистрирате во My Aged Care. Друго лице може да ве регистрира во My Aged Care, со ваша согласност. Кога тоа ќе се случи, ние ќе ги собереме вашите лични податоци од тоа лице.

Ние може да собираме податоци за вашата подобност или способност да бидете поддржувач од други лица или организации, и пред и после каква било регистрација за поддржувач.

Ние исто така ги собираме вашите лични податоци кога ќе го дополнувате вашето досие од време на време.

### *Како ги споделуваме вашите лични податоци*

Податоците во My Aged Care се заштитени со *Aged Care Act 2024*. Ние може да ги споделиме вашите лични податоци само кога е тоа дозволено со тој Act, вклучувајќи го следниве случаи:

- ние ги споделуваме вашите лични податоци (статусот на вашата регистрација како поддржувач, име и контакт податоци) на други поддржувачи, на лицето кое го поддржувате, на проценувачите за старосна нега и на давателите на старосна нега
- ако друго лице поднесе молба наместо вас за да станете поддржувач кога им го споделуваме резултатот од молбата
- ние давме информации на Aged Care Quality and Safety Commission кога е тоа неопходно за таа да си ја врши работата (на пр. во случај на жалба)
- кога вие ќе се согласите.

### *Споделување податоци во странство*

Општо земено, ние ќе ги споделиме вашите лични податоци надвор од Австралија само доколку вие, вашиот клиент или друг поддржувач се наоѓаат во странство и влезат на интерент профилот My Aged Care која ги содржи вашите лични податоци. Ова исто така може да се случи ако вие или тие се јавите на My Aged Care додека вие или тие се наоѓате

во странство или ако добиете информации од My Aged Care на друг начин, преку електронска пошта или текст порака, додека се наоѓате во странство.

Општо земено, ние нема да ги споделиме вашите податоци со лица во странство.

### *Како можете да имате пристап до вашите податоци или да ги корегирате*

Ако ви треба пристап до вашите податоци или ако сакате да ги корегирате, тоа може да го сторите на следниов начин:

- ако се најавите на вашиот интернет профил во My Aged Care
- ако се јавите на My Aged Care на телефон 1800 200 422
- ако посетите филијала на Services Australia и ако разговарате со Aged Care Specialist Officer.

За повеќе информации за пристап до личните податоци и како може да поднесете жалба за приватност, погледнете во политиката за приватност на My Aged Care.

## Молба или упат за процена на потреби од старосна нега

Ова известување за приватност опишува како Department of Health, Disability and Ageing (министертсвото) ги собира и раководи со личните податоци кога има поднесено молба или упат за процена на потреби од старосна нега (или повторна процена) за вас.

### *Зошто министерството ги собира вашите лични податоци?*

Ние ги собираме вашите лични податоци за:

- да одредиме дали ви следува пристап до услуги за старосна нега
- да го определиме вашиот приоритет за услуги за старосна нега
- да ве известиме ако не се квалификувате
- да ве упатиме до проценителна организација и да ве поддржиме во вашиот пристап до услуги на старосна нега ако се квалификувате.

Проценител за старосна нега ќе ги употреби податоците во вашата молба или упат, како и оние во вашето лично досие, за да ги определи вашите потреби од старосна нега и за да донесе одлука за услугите кои ви се потребни.

Ако не ги собереме вашите податоци ние не ќе можеме да ги определиме вашите потреби и да процениме дали се квалификувате за старосна нега.

### *Податоците кои ги собираме*

Податоците кои ги собираме го вклучуваат следново:

- вашето име, датум на раѓање, демографски и контакт податоци
- вашата функционална способност (вашата способност да ги вршите секојдневните работи)
- вашите психо-социјални потреби (податоци за вашето ментално здравје)

- вашата моментална ситуација и поддршка
- вашиот поддржувач или други важни податоци за врска, ако постои
- вашата причина за упат, ако е важно.

Министерството е овластено да ги собира вашите податоци според *Aged Care Act 2024*.

### *Како ги собираме овие лични податоци*

Ние ги собираме вашите лични податоци ако поднесете молба за услуги за старосна нега. Со ваша согласност, друго лице може да поднесе молба во ваше име или да ве упати на старосна нега. Кога тоа ќе се случи, ние ќе ги собереме вашите лични податоци од тоа лице.

### *Како ги споделуваме вашите лични податоци*

Кога ќе поднесете молба или сте упатени на старосна нега, ние ги чуваме информациите во вашето My Aged Care лично досие. Овие податоци се заштитени со *Aged Care Act 2024*.

Кога е тоа дозволено од Aged Care Act, ние може да ги споделиме податоците во вашето досие со други странки кои се поврзани со извршувањето на финансирани услуги за старосна нега. Во овие странки се вбројуваат:

- Services Australia
- Department of Veterans' Affairs
- National Disability Insurance Agency
- проценителите на потреби за старосна нега
- давателите на услуги за нега на стари лица
- стручњаците за здравствена нега
- вашиот поддржувач или законски претставник, доколку го имате.

Ние исто така може да ги споделиме вашите лични податоци:

- со ваша согласност
- онака како што е дозволено според *Aged Care Act 2024*.

### *Споделување на вашите лични податоци во странство*

Општо земено, ние ќе ги споделиме вашите лични податоци надвор од Австралија само ако вие или вашиот поддржувач се јавите на My Aged Care, ако влезете во вашите податоци преку интернет профилот во My Aged Care, или ако добиете информации од нас на друг начин преку електронска пошта или текст порака додека вие или подржувачот сте во странство. Општо земено, ние нема да ги споделиме вашите податоци со лица во странство.

### *Како можете да имате пристап до вашите податоци или да ги корегирате*

Ако ви треба пристап до вашите податоци или ако сакате да ги корегирате, тоа може да го сторите на следниов начин:

- ако го ажурирате вашиот интернет профил во My Aged Care

- ако се јавите на My Aged Care на телефон 1800 200 42
- ако посетите филијала на Services Australia и ако разговарате со Aged Care Specialist Officer.

За повеќе информации за пристап до личните податоци и како може да поднесете жалба за приватност, погледнете во политиката за приватност на My Aged Care.

## Процена на потребите од старосна нега

Ова известување за приватност опишува како Department of Health, Disability and Ageing (министерството) ги собира вашите лични податоци преку организација за процена. Министертсвото склучува договор со организацијата за процена да прави процени за потреби од старосна нега.

Ние ги собираме вашите лични податоци кога вие ќе ги споделите тие податоци со проценувач за време на процената. Ние исто така ги собираме вашите лични податоци од трети лица, како што се на пример членови на семејството или здравствени стручњаци со кои проценителот разговара во врска со вашите потреби.

Собирањето на овие податоци е овластено од *Aged Care Act 2024*.

### *Зошто министерството ги собира вашите лични податоци?*

Министерството собира лични податоци поврзани со вашето здравје, благосостојба, поддршка, финансиски и законски работи и лична безбедност како и безбедност во домот, со цел да направи процена на потребите од старосна нега или повторна процена на потребите од старосна нега. Ние го правиме ова за да определиме кои услуги за старосна нега ви се потребни и колку ви се итни овие услуги. Исто така, ние може да ги употребиме вашите лични податоци за други цели како што се на пример раководење и поддршка, како и услугите за старосна нега кои ви се можеби потребни.

Ние може да собираме податоци за услугите за старосна нега кои ги добивате од Services Australia за да може да ви ја спроведеме и дадеме старосната нега.

Ако не ги доставите или не сте способни да ги доставите сите потребни лични податоци, проценителот нема да има точна слика за вашите потреби и можеби нема да може да го определи нивото, видот или итноста од услугите кои ви се потребни. Проценителот можеби нема да може да продолжи со процената на потребите од старосна нега или повторната процена на потреби од старосна нега, за да ги определи услугите од старосна нега кои ви се потребни.

### *Како ги споделуваме вашите лични податоци*

Ние може да ги откриеме вашите лични податоци на даватели на старосна или здравствена нега, на Services Australia и на услугите во државите и териториите. Ние ќе ги откриеме вашите лични податоци само со ваша согласност или онака како што е дозволено според *Aged Care Act 2024*.

Кога е тоа дозволено од Aged Care Act, ние може да ги споделиме податоците во вашето досие со други странки кои се поврзани со извршувањето на финансирани услуги за старосна нега. Во овие странки се вбројуваат:

- Services Australia

- Department of Veterans’ Affairs
- National Disability Insurance Agency
- проценителите на потреби за старосна нега
- давателите на услуги за нега на стари лица
- здравствените работноци за нега
- вашиот поддржувач или законски претставник, доколку го имате.

Ние исто така може да ги споделиме вашите лични податоци:

- со ваша согласност
- онака како што е дозволено според *Aged Care Act 2024*.

### *Споделување на вашите лични податоци во странство*

Ако имате поддржувач кој може да влезе во вашиот интернет профил од странство, заштитата предвидена со Privacy Act и APPs [Австралиските начела за приватност] можеби нема да важи. Поддржувачите мора да ги употребуваат вашите лични податоци само за да ви помогнат со старосната нега. Ние нема да ги откриеме вашите лични податоци на ниедно друго лице во странство.

### *Како можете да имате пристап до вашите податоци или да ги корегирате*

Вие може да влезете и да ги корегирате некои од вашите лични податоци кои ние ги чуваме преку вашиот интернет профил во My Aged Care. За повеќе информации прочитајте ја [политиката за приватност на My Aged Care](политиката за приватност на My Aged Care) за следново:

- како раководиме со личните податоци
- како може да побарате пристап или корекција на вашите лични податоци
- како може да поднесете жалба во врска со приватноста.

## Податоци за контакт

Ако сакате да контактирате со министерството за работи поврзани со приватноста, вклучувајќи прашања за ова известување, ве молиме контактирајте го Службеникот за приватност на еден од следниве начини:

- По пошта: Privacy Officer, Department of Health, Disability and Ageing, 23 Furzer Street WODEN ACT 2606
- Преку електронска пошта: privacy@health.gov.au
- По телефон: 02 6289 1555